Република Македонија
Министерство за информатичко општество и администрација

Отворено Владино Партнерство Македонија

# Национален Акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година

Скопје, јули 2018 година

# СОДРЖИНА

**ВОВЕД** ..... 4
**ВЛАДИНИ НАПОРИ ЗА ОТВОРЕНО ПАРТНЕРСТВО** ..... 5
**РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2018-2020 ГОДИНА** .. 8
Приказ 1. Временска рамка за изготвување на првиот нацрт Акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година ..... 9
Приказ 2. Учесници на консултативни настани за ко - креација на предлог заложби за првиот нацрт акциски план ..... 11
**ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ** ..... 13
**1. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ** ..... 15
1.1. Проактивно објавување, унапредување на електронскиот пристап и зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за слободен пристап до информации од јавен карактер ..... 15
1.2. Основните податоци за регистрираните субјекти во Централниот регистар на РМ да станат јавно бесплатно достапни на интернет-страницата на ЦРМ ..... 19
1.3. Мапирање на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци ..... 23
**2. ИНТЕГРИТЕТ И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ** ..... 25
2.1. Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица ..... 25
2.2. Соработка со граѓанскиот сектор за антикорупциска проверка на легислативата ..... 28
**3. ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** ..... 31
3.1 Отворен трезор ..... 31
3.2 Можност за објавување на основните информации за јавните набавки на интернет-страниците на институциите (договорни органи во јавните набавки) ..... 33
3.3 Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на здравствените програми и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните ..... 36
3.4 Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на програмите за вработување и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните ..... 38
**4 ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ** ..... 40
4.1 Каталогизација и отварање на податочни сетови во институциите ..... 40
4.2 Регионални иницијативи за соработка на полето на отворени податоци ..... 43
**5 ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО** ..... 44
5.1 Воспоставување на нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на ЕЛС и на социјалната инклузија ..... 44
5.2 Подобрување на јавните услуги преку институционална соработка на ЕЛС со ГО ..... 46
5.3 Инклузивен начин на донесување на одлуки за поттикнување на локалниот и регионалниот развој 47
5.4 До отпорно Скопје преку достапност до податоци ..... 50
**6 ПРИСТАП ДО ПРАВДА** ..... 52

6.1 Унапредување на пристапот до правда ....................................................................................................52

6.2 Унапредување на пристапот до правда за маргинализираните групи граѓани ...................................54

**7 КЛИМАТСКИ ПРОМЕНИ .......................................................................................................................... 57**

7.1 Постигнување на системски промени преку подобрување на на колективното знаење за климатски промени ....................................................................................................................................57

**АКЦИСКИ ПЛАН НА СОБРАНИЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА КОН ЦЕЛИТЕ НА ОТВОРЕНОТО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО ........................................................................................................................................ 59**

**1 ОДГОВОРНОСТ ..................................................................................................................................... 59**

1.1 Зајакнување на собраниската служба за да може собранието да одговори на зголемените одговорности, преку пополнување на испразнети места и обука на службениците ...........................59

1.2 Зголемување на финансиската транспарентност на Собранието на Република Македонија...............60

**2 ПОДОБРЕНА ИКТ ИНФРАСТРУКТУРА.................................................................................................... 62**

2.1 Подобар пристап до информации ..........................................................................................................62

2.2 Целосно функционален Собраниски ТВ канал .........................................................................................63

**3 УЧЕСТВО НА ГРАЃАНИ .......................................................................................................................... 64**

3.1 Подобрување на учеството на граѓаните во законодавниот и надзорниот процес на Собранието ....64

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АВРМ** | Агенција за вработување на Република Македонија |
| БПП | Бесплатна правна помош |
| **ГО** | Граѓански организации |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ЕЛС** | Единици на локална самоуправа |
| ЕМБС | Единствен матичен број на субјектот |
| **ЕСЕ** | Здружение за еманципација, солидарност и рамноправност на жените во Република Македонија |
| **ЕСЈН** | Електронски систем за јавни набавки |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЗЕЛС** | Заедница на единиците на локалната самоуправа |
| ЗСК | Закон за спречување на корупцијата |
| **ЗБПП** | **Закон за бесплатна правна помош** |
| **ЗСПИЈК** | Закон за слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **ИДСЦ** | Институт за демократија Societas Civilis |
| **КомСПИ** | Комисија за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер |
| **МВР** | Министерство за внатрешни работи |
| **МИОА** | Министерство за информатичко општество и администрација |
| **МЦМС** | Македонски центар за меѓународна соработка |
| НАП | Национален акциски план |
| НВО | Невладини организации |
| **ОВП** | Отворено владино партнерство |
| РИЦ | Ромски информативен центар |
| **РМ** | Република Македонија |
| УЈП | Управа за јавни приходи |
| **УНДП** | Програмата за развој на Обединетите нации |
| ФООМ | Фондација Отворено општество – Македонија |
| **ЦРРМ** | Централен Регистар на Република Македонија |
| ЦСР | Центри за социјална работа |
| **ЦУП** | Центар за управување со промени |

## ВОВЕД

Република Македонија континуирано работи на подобрување на ефикасноста во работењето на државните институции, зголемување на транспарентноста и пристапот до информации, борбата против корупцијата и обезбедување на висок квалитет на јавните услуги за граѓаните и бизнисите преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.

Преку пристапување на глобалната доброволна инцијатива за Отворено владино партнерство, Владата на Република Македонија се обврза и ја потврди својата заложба континуирано да се подобрува и својата работа да ја темели на отворени, транспарентни, сигурни и ефикасни владини институции, кои комуницираат и соработуваат со граѓаните. Обврските во поглед на транспарентноста во вршењето на владините активности, како и вклучување на граѓанскиот и приватниот сектор претставуваат високи приоритети во програмата на Владата на Република Македонија. Граѓанскиот сектор акумулира огромна креативна енергија која треба да се користи поактивно во јавниот сектор преку подобрување и негување на културата на вклученост и почитувањето на правата на сите граѓани во процесот на креирање политики и донесување одлуки, донесување закони и пристап до информации. Уште поважно, Отвореното владино партнерство врши силно влијание врз иновациите, развојот и конкурентноста.

Во изминатите години Владата на Република Македонија беше насочена кон унапредување на транспарентноста на власта, поголем ангажман и вклученост на граѓаните во процесот на донесување одлуки, воведување на поголеми стандарди на интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани на Република Македонија. Владата на Република Македонија и со четвртиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година останува на заложбата активно да работи на приоритетите кои се однесуваат на пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци и транспарентност на локално ниво.

## ВЛАДИНИ НАПОРИ ЗА ОТВОРЕНО ПАРТНЕРСТВО

Република Македонија пристапи кон глобалната Инцијатива за Отворено владино партнерство во 2011 година. Согласно обврските за сите земји кои се приклучија кон оваа инцијатива, Владата на Република Македонија до сега има усвоено три акциски планови во 2012-та, 2014-та и во 2016-та година за соодветните двегодишни периоди.

Во јуни 2017 година врз основа на добиените резултати на предвремените парламентарни избори одржани на 11 декември 2016 година, беше формирана нова Влада на Република Македонија која во Програмата за работа 2017-2020 година[1] и планот 3-6-9[2] вклучи пакет реформски активности кои недвосмислено се насочени кон транспарентноста, отчетноста и

[1] http://vlada.mk/programa
[2] http://vlada.mk/plan-3-6-9

одговорноста и ја одразуваат заложбата за целосно имплементирање на концептот отворена влада согласно иницијативата за Отворено владино партнерство.

Во изминатата година беа постигнати резултати предвидени во третиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018 но и надвор од него, насочени кон овозможување на демократски медиумски амбиент, активна транспарентност и пристапност а нивната комплементарност преставува своевиден доказ за владините недвосмислени напори за унапредување на транспарентноста, отчетноста и одговорноста.

Оттука, освен имплементацијата на стратешките документи, беа унапредени интерактивните веб портали за олеснување на процесот на консултација, за поголема транспарентност и можност за креирање форуми за размена на ставови и мислења. Ваквиот пристап секогаш продуцира добри резултати и поквалитетно законодавство, па оттука висок приоритет преставува подобрувањето на механизмите кои овозможуваат унапредување на процесот на консултација и соработка со граѓанскиот сектор. Воспоставен е функционален Совет за дијалог и соработка меѓу Владата и граѓанското општество, зголемен е миниманиот рок за консултација со засегнати страни во процесот на подготовка на закони од 10 на минимум 20 дена и е обезбедено редовно објавување дневни редови и записници од владините седници. Воведен е Адресар на граѓански организации и воспоставени се механизми на системска консултација на релација Влада- граѓански организации.

Во Република Македонија постои законодавство со кое се гарантира пристапот до информации а институциите објавуваат широк спектар на информации на своите веб портали со што отвореноста кон граѓаните и компаниите не изостанува. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во континуитет го промовира електронското поднесување на барањата за пристап до информациите од јавен карактер. Воспоставена е пракса на објавување на 21 документ[3] и тоа на акти, документи, извештаи, правилници на министерствата и органите во состав на министерствата, другите органи на државната управа, јавните претпријатија, агенции, фондови и други институции. Овозможени се бесплатни услуги од Централниот регистар на РМ и Агенцијата за катастар на недвижности на РМ за потребите на истражувачкото новинарство.

Се воведоа отворените податоци и се овозможија механизми за приоретизирање на отворените податоци согласно потребите на граѓаните и компаниите. Донесена е Стратегија за отворени податоци и се работи на нов портал за отворени податоци со кој ќе се воведат стандарди и лиценци за отворени податоци. Во четири институции[4] спроведена е анализа и подготвен е детален преглед на податочните сетови со кои располагаат институциите односно треба да располагаат согласно своите законски обврски. Темелено на искуствата од пилот институциите разработена е методологија со насоки за самостојна анализа и спроведување на истата и во останатите институции во Република Македонија.

Исто така, се воведе законско регулирање на заштитата на лицата што пријавуваат сомнежи за незаконско и недозволиво постапување, со што се обезбеди системска институционална заштита на укажувачите. Подготвен е Прирачник за заштита на укажувачи[5], спроведени се обуки за новите методи за заштита на укажувачи, соработници на правдата и лица со прикриен идентитет за следење и собирање на информации или податоци на кои учествуваа судии, јавни обвинители,

[3] http://www.mio.gov.mk/?q=node/4492 и http://vlada.mk/node/13607
[4] МТСП, МФ, МЗ и МОН
[5] https://www.dksk.mk/fileadmin/user_upload/5_Prirachnik_za_zashtita_na_ukazhuvachi.pdf

полициски службеници и службеници на финансиската полиција и спроведена е кампања за подигање на јавната свест на граѓаните на Република Македонија[6].

Во делот на ефикасното управување со јавните ресурси посебно внимание се посвети на зголемување на транспарентноста и отчетноста на институциите во однос на трошењето на јавните пари преку публикување на буџетски документи во отворен формат, објавен е Граѓански буџет за Ребаланс на Буџетот за 2017 година и „Граѓански буџет“ за Буџетот за 2018 година[7], воведена е обврска буџетските корисници и јавните претпријатија сите договори за јавни набавки и анекси да ги објавуваат на ЕСЈН и во делот на јавните набавки развиена е јавно достапна платформа за отворени податоци[8]. Исто така е обезбедена јавна достапност на извештаи за извршувањето на Буџетот по буџетски корисници на месечна основа; извештаи за извршувањето на Буџетите на општините на квартална основа; квартален извештај за извршување на Буџетот на општата Влада; подобрен е полугодишниот извештај за извршување на Буџетот на РМ; објавени се сите доспеани и неплатени обврски со пресечен датум 31 мај; објавени се податоци за распределбата на доходот на граѓаните; организирана е јавна дебата за Буџетот пред да влезе во владина постапка и воведена е законска обврска сите буџетски корисници и јавни претпријатија своите завршни сметки да ги објавуваат на своите веб-страници.

Како дел од заложбите на Владата на Република Македонија за поголема дигитална транспарентност, воведена е Алатката за отчетност за трошоците на носителите на јавни функции[9], каде може да се разгледаат и споредат трошоците на Претседателот на Владата на Република Македонија, Замениците на претседателот, Министрите, Министрите без ресор, Замениците министри, Генералниот секретар на Владата и Државните секретари на министерствата, директорите и заменици директори на јавните претпријатија, самостојните органи на државната управа, правните лица со јавни овластувања, акционерските друштва во државна сопственост и органите во состав на Министерствата.

Локалната транспарентност соодветно е адресирана во акцискиот план преку заложби кои имаа за цел да ја унапредат овозможувачката околина на локално ниво. Со овие заложби се поттикна учеството на граѓаните во донесување на одлуки, се унапреди квалитетот на услугите кои се во надлежност на локалната самоуправа преку вклучување на граѓаните во решавањето на проблемите, го олесни пристапот до информации и услуги и се овозможи поголема социјална инклузија на лица со попреченост на локално ниво. Утврдени се Стандарди за е-транспарентност во единиците на локалната самоуправа – со кои се утврдуваат информациите кои треба да се објавуваат на веб-страниците на локалните самоуправи, како и податочните сетови кои треба да се објавуваат како отворени податоци и насоки за отворени податоци во единиците на локалната самоуправа – со кои се даваат упатства како да се објавуваат отворени податоци од страна на локалните самоуправи. Воведена е контролна е-табла, која претставува софтверско решение кое ќе ги превзема најважните финансиски податоци за работењето на општините[10]. Развиен е модел за вклучување на јавноста во креирање на локални политики преку протоколи и листи за проверка,

---

[6] Преку оставување на билборди на три локации во Скопје, оставување на банер на интернет портал ,печатење на лого со порака „Пријавување без последици“ на постери, лифлети, свирчиња, објави во печатени медиуми и инсертирање на флаери во дневен весник каде граѓаните беа информирани за законските и институционални механизми за заштитено укажување

[7] https://www.finance.gov.mk/mk/node/6810

[8] https://www.e-nabavki.gov.mk/opendata-announcements.aspx#/home

[9] http://vlada.mk/otchetnost-troshoci

[10] http://indikatori.opstinskisoveti.mk

подготвен е видео материјал за информирање на лицата со попреченост преку знаковен јазик за начинот и постапката за слободен пристап до информации од јавен карактер[11].

Со цел подобрување на социјалните услуги кон граѓаните во Македонија согласно нивните потреби, целосно беа рализирани достигнувањата кои преставуваат предуслов за создавање на поволна правна средина за социјални договори, подобрување на националното законодавство и политиките за развивање на механизми за социјални договори во областа на социјалната заштита во Република Македонија. Изработени се предлози за унапредување на правната рамка за социјална заштита во Република Македонија, во согласност со релевантните меѓународни стандарди и регулатива и развиен е предлог документ за јавни политики за социјални услуги и документ за правни прашања во врска со имплементација на моделот на социјални договори во Македонија.

Со третиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2016-2018, Република Македонија се обврза и ги реализираше заложбите за слободен пристап до податоците за климатски промени кои придонесуваат за поголема информираност на јавноста за климатските промени, вклучување на насоките од стратешките документи за климатските промени во секторските политики, транспарентни и сеопфатни анализи на капацитетот за ублажување и адаптација со цел спроведување на поефективни климатски акции. Оваа заложба е препознаена како заложба од особено значење во градење на поддршката на јавноста за климатски иницијативи.

Овие постигнувања преставуваат основа на која се надградуваат предог заложбите и достигнувањата за периодот 2018-2020 година групирани во следните приоритетни области: пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правда и климатски промени и тоа преку помалубројни но мерливи, реалистични и предвидливи достигнувања.

## РАЗВОЈ НА НАЦИОНАЛНИОТ АКЦИСКИ ПЛАН ЗА ОТВОРЕНО ВЛАДИНО ПАРТНЕРСТВО 2018-2020 ГОДИНА

Искуствата од претходните акциски планови и препораките од механизмот за независно известување беа основна водилка во организирање и спроведување на процесот на подготовка и развој на заложбите во овој акциски план кој ги адресира тековните општествени предизвици. Четвртиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година вклучува широк спектар на активности кои Владата ќе ги преземе следните две години се со цел да се зајакнат, продлабочат и прошират напорите за унапредување на транспарентноста на власта, подобрување на ефективноста на институционалните механизми за пристап до информации, фискална транспарентност, управувањето со податоците и чувањето регистри во државните и во јавните институции како и зголемување на стандардите за интегритет и поголем пристап до технологија за сите граѓани на Република Македонија.

Во создавањето на овој акциски план централно место заседоа консултациите во и надвор од Владата, вклучувајќи и широки консултации со министерствата и други органи на државната управа, како и консултација со општата јавност и граѓанските организации.

Во февруари 2018 година беше објавено Известување за почеток на процесот за подготовка на четвртиот национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 на веб

[11] https://www.youtube.com/watch?v=w966YNoFHPI

страната на Министерството за информатичко општество и администрација заедно со Временската рамка за изготвување на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2018-2020, со што и официјално отпочина процесот на ко - креација на Четвртиот национален Акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година.

**Приказ 1. Временска рамка за изготвување на нацрт Акциски план за отворено владино партнерство 2018-2020 година**




Согласно Временската рамка за изготвување на Акцискиот план за отворено владино партнерство 2018-2020 година, процесот на ко - креација беше поделен во меѓусебно поврзани фази во кои беа превземени следните активности:

- ✓ Во февруари 2018 година, граѓанските организации беа поканети да пополнат Прашалник за проценка на потребите за подготовка на новиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020. Прашалникот имаше за цел да ги утврди потребите за подготовка на новиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година (НАП 4) односно да ја испита запознаеноста на граѓанските организации со глобалната иницијатива Отворено владино партнерство, да го утврди интересот за учество во процесот на подготовка на новиот акциски план за ОВП 2018-2020, да собере првични препораки за процесот на консултација како и предлози за мерки кои потенцијално можат да се вклучат во акцискиот план. Резултатите од прашалникот се објавени на следниот линк.

- ✓ Во месец март 2018 година се спроведе отворен дијалог со граѓанскиот сектор. Беа спроведени четири тематски состаноци во кои активно учество земаа 104 претставници од владиниот и граѓанскиот сектор во Македонија и дискутираа за предизвиците кои се однесуваат на транспарентноста и отчетноста, слободата на информации, отворени податоци, ефективни јавни услуги и добро владеење на локално ниво. На состаноците се идентификуваа предлог идеи кои промовираат поголема вклученост на граѓаните во креирањето политики, систематско мониторирање и евалуација на владините политики, проактивност, слобода и пристап до информации, отворени податоци и транспарентноста на институциите, заштита на лични податоци, спречување на корупција, градење на системи на интегритет, управување со конфликти на интереси, родова еднаквост, заштита на животната средина/аерозагадување. Врз основа на предлог идеите учесниците доставија 18 конкретни предлог заложби до Министерството за информатичко општество и администрација.
- ✓ На 08-09 мај 2018 година се одржа Прв јавен настан - Конференција ,,Отворено владино партнерство дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018-2020". На конференцијата беше промовирана иницијативата Отворено владино партнерство, се даде детална информација за остварениот прогрес на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2016-2018 година, претставник на независниот механизам за известување го претстави Механизмот за независно известување (IRM) како еден од клучните начини преку кои заинтересираните страни може да го следат напредокот и влијанието кај владите кои учествуваат во иницијативата за Отворено владино партнерство и се создаде простор за дискусија и ко -креирање на предлог мерки за четвртиот акциски план. Во текот на конференцијата во три работни групи фацилитирани од претставници од невладините организации беа анализирани, дискутирани и приоретизирани предлог заложбите доставени до Министерството за информатичко општество и администрација и се овозможи дискусија за дополнителни заложби за четвртиот акциски план за следните приоритетни теми: транспарентност, отчетност и пристапност, спречување на корупција и промовирање на доброто владеење, пристап до јавни услуги и добро управување на локално ниво. На конференцијата учествуваа 98 претставници на државни институции и граѓански организации кои работат во области релевантни за Отворено владино партнерство, како и претставници на дипломатски претставништва. Како заклучок од работните групи произлезе дека во понатамошна постапка треба дополнително, на посебни работни средби помеѓу преставниците на владините институции и предлагачите на заложбите од грѓанскиот сектор, да се изврши координација и усогласување.
- ✓ Во периодот 10-29 мај 2018 година се одржаа консултативни средби со граѓански организации на локално ниво[12] при што се споделија информации за прогресот во спроведувањето на НАП3 2016-2018, новиот процес на подготовка на НАП 4 и временската рамка како и се отвори дискусија за предлог заложби за новиот акциски план.
- ✓ Во периодот од 10 до 29 мај 2018 година се спроведе процесот на дефинирање на предлог мерките за првата нацрт верзија на Акцискиот план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година. Притоа се одржаа тематски работни состаноци, каде претставниците на владините институции и граѓанските организации кои дадоа свои предлози на тематските состаноци и на првиот јавен настан, во текот на работата се фокусираа на приоретизирање

[12] 10.05.2018 Битола, 15.05.2018 Гостивар и 29.05.2018 Штип

и дефинирање на предлог мерките согласно критериумите од независниот механизам за известување. Во оваа фаза беа дефинирани 8 заложби во 5 приоритетни теми[13].

- ✓ Во текот на мај- јуни 2018 година заинтересираните страни имаа можност да доставуваат свои коментари и забелешки на објавената прва нацрт верзија на акцискиот план. Известувањето за процесот на консултации е достапно на следниот линк. Во текот на едномесечниот отворен on-line консултативен процес беа доставени 3 нови предлог мерки.
- ✓ На 9 јули 2018 година се одржа Вториот јавен настан ,,Отворено владино партнерство – дијалог со граѓанските организации за Националниот акциски план 2018 – 2020" на кој се изврши презентација на нацрт Акцискиот план за Отворено владино партнерство (2018-2020) изработен во соработка со граѓанските организации (ГО) и се оствари дискусија меѓу ГО и владините институции за заложбите кои беа предложени и разработени за време на отворениот дијалог со граѓанските организации на првиот дводневен јавен настан, заложбите добиени за време на едномесечниот консултативен процес и предлозите кои беа претставени на самиот настан. Исто така посебно внимание беше посветено на Агендата за одржлив развој до 2030 и нејзиното поврзување со ОВП. На настанот присуствуваа повеќе од 70 претставници од државни институции и граѓански организации кои работат во области релевантни за Отворено владино партнерство.
- ✓ Во периодот од јуни -јули 2018 година беа одржани ad hoc работни состаноци со цел доразработка и усогласување на ставовите по предлог мерките од страна на предлагачите и надлежните институции за спроведување. Во овој период беа дефинирани 3 заложби во три приоритетни области и тоа ,,Пристап до правда", „Фискална транспарентност" и „Транспарентност на локално ниво".

**Приказ 2. Учесници на консултативни настани за ко - креација на предлог заложби за нацрт акцискиот план**




Во рамките на заложбите на Република Македонија за постигнување на Одржливите развојни цели како и прифаќањето на „Заедничката декларација за Отворена влада за спроведување на Агендата за одржлив развој до 2030", во текот на подготовката на овој Акциски

[13] пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци и транспарентност на локално ниво

план Владата на Република Македонија продолжи со добрата практика за поврзување заложбите од нацрт Акцискиот план со целите утврдени во Агендата за одржлив развој до 2030, особено со целта 16 ,,Мир, правда и силни институции, 3 ,,Добро здравје и благосостојба“, 11 ,,Градовите и човечките населби да бидат инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи“, 13 ,, Климатска акција“ и цел 17 ,,Партнерство за целите“.

НАП4 поконкретно ги идентификува врските помеѓу Агендата за отворено владино партнерство со 5 развојни цели и 8 таргети:

- цел 3 ,, Добро здравје и благосостојба“
  - ✓ Таргет 3.8: Да се постигне универзална здравствена заштита вклучувајќи и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни неопходни здравствени услуги и пристап до сигурни, ефективни и квалитетни како и пристапни основни лекови и вакцини за сите.
- цел 11: ,,Градовите и човечките населби да бидат инклузивни, безбедни, отпорни и одржливи“
  - ✓ Таргет 11.6: До 2030, да се намали штетното влијание на градовите врз животната средина по жител, со особено внимание на квалитетот на воздухот, општинскиот и другиот вид на справување со отпад.
- цел 13 ,, Климатска акција“
  - ✓ Таргет 13.3: Да се подобри образованието, свесноста и човековите и институционалните капацитети за ублажување на климатските промени, за приспособување, за намалување на влијанијата и за рано предупредување.
- цел 16 ,, Мир, правда и силни институции“
  - ✓ Таргет 16.3 Промовирање на владеење на правото на национално и меѓународно ниво и обезбедување еднаков пристап до правда за сите.
  - ✓ Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.
  - ✓ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.
  - ✓ 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.
- цел 17 ,,Партнерство за целите“
  - ✓ Таргет 17.1: Да се зголеми мобилизирањето (собирањето) на домашни ресурси, вклучително и преку меѓународна поддршка за земјите во развој за подобрување на домашниот капацитет за собирање на даноци и други приходи.

## ОТВОРЕН ПАРЛАМЕНТ

Една од препораките на механизмот за независно известување во 2016 година се однесуваше на вклучување на парламентот во оваа иницијатива со цел поттикнување на довербата на јавноста во институцијата, но поради предвремените парламентарни избори таа година парламентот одлучи да не учествува во иницијативата.

По формирањето на новото парламентарно мнозинство, Собранието ги дефинираше и своите стратешки цели: Функционална парламентарна демократија, Отворен парламент, Парламентарна дипломатија, Безбеден парламент и Модерни и ефикасни услуги и собраниска служба. Како дел од целта за Отворен парламент, Собранието донесе одлука да се вклучи во Отвореното владино партнерство.

Имајќи ја во предвид независноста на работата на Собранието како посебна власт во Република Македонија, работата на идентификување на заложби за Отворен парламент одеше паралелно со активностите за утврдување на нови заложби во четвртиот Национален Акциски план за Отворено владино партнерство 2018-2020 година, притоа следејќи ја истата временска рамка јануари-јули 2018 година:

- ✓ На 28.11.2017 година од Претседателот на Собранието на Република Македонија беше формирана работна група за отвореност на законодавната власт и подготовка на Акциски план за отвореност на Собранието во рамките на Отвореното владино партнерство. Работната група беше составена од вкупно 33 членови и тоа 11 пратеници од сите парламентарни политички партии од мнозинството и опозицијата, 9 членови од службата на Собранието на Република Македонија, националниот координатор за ОВП од МИОА и 12 членови од граѓански организации. Со оваа одлука беа назначени и тројца членови на работната група од службата на Собранието за координатори на Акцискиот план.
- ✓ Во ноември 2017 година работната група за подготовка на акцискиот план одржа 3 средби на кои учесниците ги изложија идеите за подобрување на транспарентноста на Собранието.
- ✓ На 10 мај 2018 година пред членовите на групата беше презентиран првиот нацрт Акциски план на Собранието на Република Македонија кон целите на Отвореното владино партнерство, подготвен од координаторите од службата за подготовка на планот врз основа на водените дискусии од претходно одржаните средби.
- ✓ На 28 мај 2018 година, како дел од процесот на консултации и ко-креација на акцискиот план на Собранието, се одржа конференција „Отворен парламент-Отворено владино партнерство“. На конференцијата беа презентирани заложбите развиени од страна на работната група, но и присутните граѓански организации имаа можност да дадат придонес кон подобрување на овие заложби и свои идеи за нови заложби.
- ✓ Во јули 2018 година финалната верзија на Акцискиот план на Собранието кон целите на ОВП беше испратена до МИОА. Во Акцискиот план на Собранието кон целите на ОВП се дефинирани пет заложби во три приоритетни теми: одговорност, пристап до информации и учество на граѓаните.

***

Преку широкиот консултативен процес на кој беа пресретнати искуствата и предизвиците од претходните акциски планови за отворено владино партнерство, препораките од механизмот за независно известување, креативните предлози од заинтересираните чинители и со директна

вклученост на 331 претставник од владиниот и граѓанскиот сектор се подготви нацрт национален Акциски план за отворено владино партнерство за 2018-2020 година во кој се дефинирани 18 заложби во 7 приоритетни теми: пристап до информации, интегритет и добро управување, фискална транспарентност, отворени податоци, транспарентност на локално ниво, пристап до правда и климатски промени.

Имајќи ја во предвид независноста на работата на Собранието како посебна власт во Република Македонија, овој акциски план содржи посебен дел за Отворен парламент во кој се дефинирани пет заложби во три приоритетни теми: одговорност, пристап до информации и учество на граѓаните.

Работата на отворена влада е континуирана заложба и овој акциски план содржи дел од можните но амбициозни напори за промовирање на транспарентноста и отчетноста на Владата. Овој документ ја промовира ја отвореноста и можноста за натамошно проширување и продлабочување на подолу утврдените приоритети во тесна соработка со сите чинители во сферата на Отвореното владино партнерство.

| **1. ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ** | |
|---|---|
| **1.1. Проактивно објавување, унапредување на електронскиот пристап и зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за слободен пристап до информации од јавен карактер** | |
| Почетен и краен датум на заложбата: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер (КОМСПИ)** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер се применува од 2006 година но неговата примена се одвива отежнато и покрај заложбите за негова доследна примена. Пристапот до информации што се обезбедува преку ЗСПИЈК првенствено и доминантно го користат од невладините организации и новинарите. Свесноста кај граѓаните за постоењето на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, сеуште е на ниско ниво. Молчењето на администрацијата и натаму е сериозен проблем што го ограничува остварувањето на ова универзално човеково право. Самиот факт што и основните информации кои имателите се должни јавно да ги објавуваат и се таксативно наброени во ЗСПИЈК, треба да се бараат преку процедура за нивно добивање говори за непристапноста до овие информации на лесен и едноставен начин, говори за затвореност на институциите. Исто така, многу е ретка практиката за редовно објавување на веќе дадените информации (како одговор на барања). Покрај ова, институциите не ги користат поволностите за себе од проактивното објавување на информациите од јавен карактер (можноста да бидат поодговорни во работењето, да ги спроведуваат и промовираат принципите на добро владеење и интегритет и да управуваат подобро со информациите со кои располагаат) со што ќе стекнат доверба кај граѓаните како одговорни и транспарентни институции. Согласно членот 15 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер, барањето за пристап до информации барателот има право да го поднесе и во електронска форма. Овој начин на поднесување на барање во пракса многу ретко се применува. |
| Главна цел | Лесен, брз и едноставен пристап до информациите што се од важност за животот и работата на граѓаните преку:<br>- Проактивно објавување на информациите од имателите на нивните интернет-страници<br>- Воспоставување на функционална платформа за овозможување на електронскиот пристап до информациите од јавен карактер и<br>- Унапредување на нивото на свесност кај граѓаните за постоење на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер, како и зголемување на бројот на граѓани кои ќе го уживаат ова право |
| Кус опис на заложбата | Имателите на информации од јавен карактер да ги објавуваат проактивно и редовно на своите интернет-страници сите информации кои се индикативно наведени во ЗСПИЈК, како и информациите кои веќе |

| | |
|---|---|
| | ги имаат дадено како одговор на барање за пристап, додека оние иматели кои немаат свои интернет-страници, тоа да го прават на интернет-страниците на институцијата под чијашто надлежност работат. Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), ќе развијат и спроведат теренска кампања за информирање на граѓаните за нивните права за пристап до информации од јавен карактер. Со воспоставување на функционална платформа за овозможување на електронскиот пристап до информациите од јавен карактер, ќе се олесни процесот за испраќања на барања за слободен пристап до информации од јавен карактер и одговор по истото. Преку овој онлајн систем (платформа) секој заинтересиран граѓанин ќе може да испрати барање за информација од јавен карактер до имателите кои лесно ќе ги пронајде на платформата. Предноста на платформата е во тоа што сите информации кои се дадени се јавно објавени и може да бидат пристапни за секој, што значи ако еднаш информацијата е дадена од имателот, преку оваа платформа, ќе се намали обемот на работа во институцијата во случај кога друг барател би бил заинтересиран за истата. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Зголемување на јавниот интегритет<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси |
| Дополнителни информации | Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој -Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори. Со мерките од оваа заложба се придонесува за унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку поефикасно спроведување на законите и подобра информираност на граѓаните. |

| **Достигнувања** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| **1.1.1. Редовно проактивно објавување на информациите од јавен карактер на интернет-страниците на имателите на информации**<br>- Изработка на индикативна листа на информации од јавен карактер што институциите треба проактивно да ги направат достапни на своите интернет-страници (или на интернет-страниците на институциите под чијашто надлежност работат)<br>- Задолжително објавување на сите информации од јавен карактер на интернет-страниците на имателите на информации (или на интернет-страниците на институциите под чијашто надлежност работат)<br>- Следење на исполнување на обврските на институциите преку т.н. Индекс на активна транспарентност што го изработува Центарот за граѓански комуникации | 09.2018<br><br>01.2019<br><br>01.2019 | 01.2019<br><br>Континуирано<br><br>09.2020 |
| **1.1.2. Унапредување на електронски пристап до информациите од јавен карактер**<br>-Развој на методологија за унапредување на постоечката електронска веб-страница (платформа) за електронски пристап до информации од јавен карактер<br>- Воспоставен електронски систем за пристап до информациии и преземен од имателите на информации на користење<br>- Развој на прирачник со обуки за имателите, како и промоција на платформата за користење од граѓаните со што ќе се поедностави пристапот до информациите | 08.2018<br><br>12.2018<br><br>12.2018 | 12.2018<br><br>08.2019<br><br>08.2019 |
| **1.1.3. Зголемување на свесноста на граѓаните за нивните права за пристап до информации од јавен карактер и зголемено користење на правото од страна на граѓаните**<br>- Развивање на план за спроведување на кампањата (идентификување на општини и населени места каде кампањата ќе се спроведува; развивање на содржина која ќе им биде презентирана на граѓаните и формат за јавна презентација; воспоставување на соработка со локални граѓански организации во идентификуваните општини; воспоставување на механизми за мерење на влијанието на кампањата)<br>- Спроведување на кампања и мерење на ефектите од истата | 09.2018<br><br>01.2020 | 12.2019<br><br>06.2021 |
| Информации за контакт | | |

<table>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td>Оливер Серафимовски, координатор<br>Цвета Трајковска, заменик координатор<br>Инџи Хоџа, заменик координатор</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција и организациска единица</td><td>Помлад соработник, Одделение за соработка со имателите на информации и информирање на јавноста<br>Генерален Секретар на Секретаријатот на Комисијата<br>Помлад соработник, Одделение за постапки по жалби, правни и општи работи</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон и е-маил адреса</td><td>oliverserafimovski@komspi.mk , 071/229-214<br>cveta@komspi.mk, 071/232-857<br>inxhihoxha@komspi.mk, 071/229-289</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td>Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td>Центар за граѓански комуникации<br>Герман Филков, gfilkov@ccc.org.mk<br>Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)<br>Драко Антиќ, dantik@esem.org.mk<br>Фондација отворено општество-Македонија<br>Данче Данаиловска, dance.danilovska@fosm.mk</td></tr>
</table>

| 1.2. Основните податоци за регистрираните субјекти во Централниот регистар на РМ да станат јавно бесплатно достапни на интернет-страницата на ЦРРМ | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на заложбата: август 2018 – август 2019 | |
| Водечка институција за спроведување | **Влада на Република Македонија**<br>**Централен регистар на РМ** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Сите податоци од извршените уписи на субјекти во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица се јавно достапни на интернет страницата на Централниот регистар (ЦРРМ) и тие можат да се користат исклучиво за лични и некомерцијални потреби (Закон за ЦРРМ член 57).<br>Преку интернет страницата на ЦРРМ е овозможен пристап до мал број на основни податоци (ЕМБС, назив, статус, големина и дополнителни информации) за регистрираните субјекти во РМ и тие можат да се добијат со внесување на ЕМБС (единствен матичен број на субјектот) или со помошен критериум за пребарување дел од назив на субјектот.<br>За потребите на истражувачко новинарство со одлука на Владата од 2017 година, сите податоци од регистрите се достапни без надоместок.<br>Сите податоци за субјектите се јавни и се достапни за било која заинтересирана страна вклучувајќи ги и граѓаните, но согласно член 18а од Законот за Централен регистар - За извршените услуги од делокругот на својата работа, кој е утврден со овој или друг закон, а кои се однесуваат на упис, внесување, обработување, обединување, класифицирање, селектирање, складирање, чување и користење на податоците во Централниот регистар, како и дистрибуирање на податоците до заинтересираните корисници, Централниот регистар наплаќа соодветен надоместок кој се утврдува со Тарифа на Централниот регистар, која ја донесува Управниот одбор на Централниот регистар, а на која согласност дава Владата на Република Македонија.<br>На овој начин ЦРРМ е дефинирана како институција која се финансира од сопствени приходи.<br>Ваквите воспоставени принципи на работа се пресликани од истородни институции во светот, кои не се реткост. Таков е примерот со AJPES од Словенија, АПР од Србија, Union Camere од Италија, Грејфе – Франција, Union de registradores – Шпанија, Bronnaysund - Норвешка, Bolaksverket - Шведска и други.<br>Централниот регистар е правен по норвешкиот модел со консултанти од Светска Банка и континуирано се залага да ги примени најдобрите пракси од доменот на регистри, и како сервисна ориентирана организација да им излезе во пресрет на граѓаните и на нивните иницијативи, но ЦРРМ изминатите неколку години се зафати со покрупни капитални инвестиции и не беше во можност целосно да се посвети на развој и унапредување на сите свои услуги, а дел од нив да ги направи поблиски до граѓаните. Во таа смисла малку заостана во имплементирање на новите светски трендови (отворање на податоците) и ЕУ директивите од овој домен. |
| Главна цел | По примерот на други земји целта е дел од податоците за субјектите кои се предмет на упис во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица да се јавно и бесплатно достапни до граѓаните, но имајќи ги во предвид укажувањата на Дирекцијата за заштита на личните податоци |

| | |
|---|---|
| | во врска обемот на нивно јавно издавање и нивно користење, бидејќи Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица кои се водат во ЦРРМ се евидентирани како збирки на лични податоци и за нив се применуваат посебни технички и организациски мерки.<br>Заложбата на ОВП за рамноправниот пристап до основните податоци за регистрираните субјекти -фирми е темелен принцип не само на пазарната економија туку и на информирана, јавна и функционална демократија и во целост е поддржана од страна на ЦРРМ. Стратегијата која ја усвои ЦРРМ - Стратегија за трансформација во сервисна организација и воспоставување на Единствена точка за контакт за деловната заедница, се совпаѓа со заложбите на ОВП, што ќе значи послободен и поотворен пристап до основните податоци кои влијаат врз општеството, како и можност да се користат тие податоци, да се анализираат и да се комбинираат со други податоци. Како што во овој контекст укажува и Светската банка „недостигот на податоци за правните субјекти е клучен овозможувач на корупцијата, организираниот криминал и перењето пари. Крајно, корпоративна одговорност и интегритет не се можни без јавен, слободен и отворен пристап до основните податоци за правните субјекти. |
| Кус опис на заложбата | Следните основни податоци за субјектите: ЕМБС, назив, адреса, правна форма (организационен облик), датум на основање, големина, статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување/избришан), дополнителни информации (во стечај/во ликвидација) и дејност (шифра и опис) регистрирани во Централниот регистар на РМ треба да бидат јавно бесплатно достапни на интернет страницата на институцијата. Податоците ќе можат да се добијат со внесување на ЕМБС или преку помошен критериум за пребарување дел од називот на субјектот.<br>Согласно 5-тата ЕУ директива Beneficial Ownership податоци за сопствениците на субјектите ќе бидат јавно достапни со донесување на новиот Закон за спречување на перење пари и финансирање на тероризам, кој предвидува нов регистар на крајни сопственици (физички лица). Според моменталните планови регистарот треба да биде функционален во рок од 12 месеци од донесување на Законот и подзаконските акти, односно во втората половина на 2019 година. За законот се надлежни Министерството за финансии и Управата за финансиско разузнавање.<br>Слободна достапност на основните податоци наведени во описот на заложбата за 100% од регистрираните субјекти во ЦРРМ почнувајќи од 30.06.2019 година, што ќе придонесе за унапредување на транспарентноста, одговорноста и отчетноста на владата и ќе го унапреди животот и работењето на граѓаните. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Зголемување на јавниот интегритет<br>- Зголемување на корпоративната одговорност |
| Дополнителни информации | Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој -Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори. Со мерките од оваа заложба се придонесува за унапредување на пристапот до |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | информации од јавен карактер преку поефикасно спроведување на законите и подобра информираност на граѓаните. | | |
| **Достигнувања** | | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| **1.2.1. Утврдување обврска за ЦРРМ да ги направи слободно и отворено бесплатно достапни основните податоци за регистрираните субјекти (ЕМБС, назив, адреса, правна форма (организационен облик), датум на основање, големина, статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување/избришан), дополнителни информации (во стечај/во ликвидација) и дејност (шифра и опис).** | | 09.2018 | 01.2019 |
| **1.2.2. Изработка на софтверско решение интегрирано и достапно преку интернет страницата на ЦРРМ за овозможување на пребарување на 100% од регистрираните субјекти, според ЕМБС или според дел од назив на субјектот, а кое ќе резултира со пристап до основните податоци за бараниот субјект: (ЕМБС, назив, адреса, правна форма (организационен облик), датум на основање, големина, статус (активен/неактивен/во постапка на утврдување/избршан), дополнителни информации (во стечај/во ликвидација) и дејност (шифра и опис).** | | 01.2019 | 08.2019 |

| Информации за контакт | | |
|---|---|---|
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Владимир Наумовски |
| Функција и организациска единица | | Советник на директорот за информатички развој, Централен регистар на РМ |
| Телефон и е-маил адреса | | vladimir.naumovski@crm.org.mk<br>+389 2 3123 169 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Влада на ВРМ<br>Централен регистар на РМ |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Центар за граѓански комуникации<br>Герман Филков, gfilkov@ccc.org.mk |

| **1.3. Мапирање на бездомници и социјално загрозени семејства и поединци** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на заложбата: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за труд и социјална политика** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Непостоење на официјални податоци за лицата и семејствата со социјални проблеми и социјално исклучени лица/семејства, со особен фокус на бездомниците, по однос на нивниот број на национално и локално ниво, како и препознавање на нивните потреби за социјална помош и поддршка во заедницата. |
| Главна цел | Координација на активностите за препознавје и поддршка на сиромашни и материјално необезбедени семејства и поединци во ризик од социјална исклученост, со фокус на бездомниците на територијата на Република Македонија. |
| Кус опис на заложбата | Воспоставување на механизми за координација на активностите за поддршка на сиромашни и материјално необезбедени семејства и поединци во ризик од социјална исклученост, со фокус на бездомниците на територијата на Република Македонија, преку кои ќе се обезбеди:<br>- воспоставување на евиденција на лица и семејства,<br>- мапирање на потребите од социјална заштита,<br>- расположивите и потребните ресурси за помош и поддршка на загрозените граѓани/семејства, за ублажување на состојбата на сиромаштија,<br>- координирање на активности помеѓу ЦСР, општинската администрација, бизнис заедницата, здружението Љубезност и други засегнати страни заради евидентирање на лицата, обезбедување на соодветни услуги, а кои се однесуваат на обезбедување на храна, облека, парична помош и сместување на бездомниците, и останата поддршка на социјално загрозените семејства и поединци,<br>- размена на податоци и информации за преземени активности. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Воспоставување и подобрување на услугите за ранливите граѓани<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси<br>- Креирање побезбедни заедници |
| Дополнителни информации | Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој -Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори. Со мерките од оваа заложба се придонесува за унапредување на пристапот до информации од јавен карактер преку поефикасно спроведување на законите и подобра информираност на граѓаните. |

| Достигнувања | Датум на започнување | Датум на завршување |
|---|---|---|
| **1.3.1. Социјално мапирање на сиромашни и материјално необезбедени семејства и поединци во ризик од социјална исклученост со фокус на бездомниците на територијата на Република Македонија и воспоставување на база на податоци врз основа на мапирањето** | 09.2018 | 01.2020 |
| **1.3.2. Склучување на меморандуми за соработка помеѓу засегнатите страни и спроведување на Обуки за мапирање на социјален простор - Преставници од Центри за социјална работа, Општини, НВО** | 09.2018 | 01.2020 |
| **1.3.3. Мапирање на расположивите ресурси за давање на услуги на ранливи групи во локалната заедница** | 01.2020 | 09.2020 |
| **1.3.4. Координација на активностите помеѓу месно надлежните Центри за социјална работа, Општините, НВО во насока на детектирање на потребите на целната група и соодветно упатување и обезбедување на потребните услуги на сиромашни и материјално необезбедени семејства и поединци во ризик од социјална исклученост со фокус на бездомниците на територијата на Република Македонија** | 01.2020 | 09.2020 |
| **1.3.5. Тест период на имплементација, мониторинг на активностите и тековно одстранување на евентуални аномалии Периодично ажурирање на податоците во базите на податоци (на 6 месеци)** | 09.2020 | трајно |
| **1.3.6. Редовно ажурирање на базите на податоци во однос на детектираните потреби и обезбедени услуги<br>Периодот на периодично ажурирање на податоците во базите на податоци да се намали најпрво на 3 месеци / потоа на 1 месец** | 09.2021 | трајно |
| Информации за контакт | | |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | Софија Спасовска | |
| Функција и организациска единица | Помошник раководител на Сектор за социјална заштита и социјална политика | |
| Телефон и е-маил адреса | SSpasovska@mtsp.gov.mk, + 389 75 306 027 | |
| Други вклучени субјекти – Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Министерство за труд и социјална политика<br>Државен завод за статистика | |

| | | |
|---|---|---|
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | ЗГ Љубезност<br>Контакт: Тони Станковски<br>Е-маил: Stankovski.toni@yahoo.com |

| | |
|---|---|
| **2. ИНТЕГРИТЕТ И ДОБРО УПРАВУВАЊЕ** | |
| **2.1. Унапреден механизам за следење на имотната состојба на избраните и именуваните лица** | |
| Почетен и краен датум на заложбата: септември 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Државна комисија за спречување на корупцијата** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Еден од начините за намалување на нелегалното богатење на избраните и именуваните лица, како резултат на нивната функција, е функционален механизам кој ќе ги следи овие состојби. Во Македонија овој систем е релативно неефикасен, пред се од технички причини, што остава простор за арбитрарно работење на надлежните институции. ДКСК на ограничен начин ги следи изворите на имотот на функционерите, во текот на нивната служба. Истовремено, ДКСК нема целосен увид дали сите избрани и именувани лица доставиле анкетни листови, бидејќи регистарот на именувани и избрани лица се уште не ја остварил функцијата за која е востановен.<br>Накратко, покрај на институциите, на граѓаните им е ускратена можноста да имаат целосен увид во тоа кои се избраните и именуваните лица во државата, и која е и како се менува имотната состојба како резултат на јавната функција. |
| Главна цел | Воспоставување на функционален систем кој ќе ја поедностави проверката на имотната состојба на избраните и именуваните лица и ќе им обезбеди на граѓаните соодветен увид. |
| Кус опис на заложбата | Врз база на спроведена анализа на антикорупциското законодавство, а поаѓајќи од веќе постоечките информации на ДКСК но и на граѓанското општество, ќе се направи ревизија заради надоградба на функционалноста на регистарот. Тоа ќе биде основата за квалитативна проверка на пополнетоста на Регистарот во надлежност на ДКСК. Во меѓувреме, ДКСК ќе ја стави во функција врската меѓу електронското пријавување на анкетни листови, објавувањето на истите и регистарот. Дополнително, ДКСК со измените на ЗСК ќе создаде законска основа за редефинирање на содржината и начинот на доставување на анкетниот лист. ДКСК со други надлежни институции како УЈП, АВРМ, Катастар, ЦРМ, КХВ, МВР ќе го стави во функција системот на интероперабилност, како една од алатките за систематско следење на имотот за време на вршење на функцијата. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Зголемување на јавниот интегритет<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси | | |
| Дополнителни информации | Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој, врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес преку зголемување на отчетноста и одговорноста на избраните и именуваните лица кон граѓаните. | | |
| **Достигнувања** | | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| **2.1.1. Ревизија на содржината на анкетниот лист** | | 09.2018 | 12.2018 |
| **2.1.2. Анализа на функционалните пропусти на Регистарот на избрани и именувани лица** | | 09.2018 | 12.2018 |
| **2.1.3. Доработка на регистарот според анализата** | | 01.2019 | 06.2019 |
| **2.1.4. Ставање во функција на електронско пријавување на ревидираниот анкетен лист** | | 01.2019 | 06.2019 |
| **2.1.5. Воспоставување на систем за постојано објавување на анкетните листови, вклучително со историски податоци во отворен и компјутерски читлив формат** | | 01.2019 | 06.2019 |
| Информации за контакт | | | |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | м-р Николина Тарчуговска - Милошевска<br>Адем Чучуљ | | |
| Функција и организациска единица | Секретаријат на ДКСК<br>Сектор за спречување на корупција и судир на интереси | | |
| Телефон и е-маил адреса | 02 3248-942<br>nikolina@dksk.org.mk, 02 3248- 934<br>a.cucul@dksk.org.mk, 02 3215-377 | | |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Државна комисија за спречување на корупцијата | |
| Други вклучени субјекти | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Миша Поповиќ, ИДСЦС, misha@idscs.org<br>М-р Снежана Камиловска Трповска, МЦМС<br>skt@mcms.mk<br>и други граѓански организации | |

<table>
<tr><th colspan="2">2.2. Соработка со граѓанскиот сектор за антикорупциска проверка на легислативата</th></tr>
<tr><td colspan="2">Почетен и краен датум на заложбата: септември 2018 – август 2020</td></tr>
<tr><td>Водечка институција за спроведување</td><td>Државна комисија за спречување на корупцијата</td></tr>
<tr><td colspan="2">Опис на заложбата</td></tr>
<tr><td>Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата</td><td>Неоправдани дискрециони овластувања, празнини во законите и недоречености се потенцијални ризици од корупција. Тие дозволуваат експлоатирање на духот на законот и злоупотреба на правилата заради остварување приватни интереси.<br>Антикорупциската проверка на легислативата, како исклучително важен превентивен антикорупциски механизам има за цел да се обезбеди разгледување на формата и содржината на правните прописи што се во фаза на изработка или се веќе донесени и детектирање и превенирање на ризиците за можност од корупција и судир на интереси до кои би можеле да доведат законите при нивното спроведување. ДКСК во септември 2015 година, ја донесе Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата која претставува унапредување на спроведувањето на надлежноста на ДКСК да дава мислења за предлози на закони, утврдена во Законот за спречување на корупцијата и Законот за спречување судир на интереси. Владата на РМ во февруари 2016 година го донесе Деловникот за дополнување на Деловникот за работа на Владата на Република Македонија („Службен весник на РМ“ бр. 41/16), со што е воведена можност за антикорупциска проверка на легислатива, преку обезбедување мислење од ДКСК. Со дополнувањето се утврдува дека министерствата и другите органи на државната управа, материјалите што ги доставуваат до Владата за разгледување, утврдување, односно донесување, задолжително да ги доставуваат и до ДКСК на мислење (сите предлози на закони кои подлежат на процена на влијанието на регулативата). Во рамките на ова надлежност ДКСК спроведува продлабочена анализа на законодавството врз основа на утврдената методологија, односно прави негова антикорупциска проверка и продуцира посебни извештаи за направената проценка, кои се објавуваат на веб страницата на ДКСК</td></tr>
<tr><td>Главна цел</td><td>Остварување на соработка со граѓанскиот сектор во спроведување на процесот на антикорупциска проверка на легислативата</td></tr>
<tr><td>Кус опис на заложбата</td><td>ДКСК и граѓанските организации ќе развијат механизам за соработка во консултативните процеси при носењето на законите како и во процесот на избор и приоретизација на законите кои се веќе донесени, а ќе бидат предмет на антикорупциска проверка на легислативата. ДКСК во согласност со Методологијата за антикорупциска проверка на легислативата ќе ги избира и ќе ги приоретизира законите кои ќе бидат предмет на проверка врз основа на општи критериуми или поединечни случаи. Поединечните случаи се однесуваат на сознанија или пријави и укажувања од граѓанското</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| | општество, за ризиците од можна корупција и судир на интереси во одредени законски одредби или во одредена правна област, информација за нацрт-закон што бил изложен на силно лобирање од страна на интересните групи итн.<br>Граѓанските организации и нивните мрежи треба да се проактивни и поактивни во оваа фаза –како преку учествување во работни групи, потоа на ниво на консултации, кога може да испраќаат коментари во име на групите кои ги застапуваат, но исто така и преку укажување до ДКСК и давање препораки за измена на законодавството. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | Преземање активности преку кои континуирано ќе се истакнува важноста за вклучување на граѓанските организации и јавноста во процесот на донесување и измена на законите, потенцирање на користа од таков пристап и укажување на позитивните ефекти на законите кои биле донесени преку еден транспарентен процес во кој се прифатени препораките и предлозите на граѓанските организации. Покрај антикорупциска проверка на легислатива која е во процес на носење, исклучително е важно да се даде должно внимание на веќе донесените правила. Соработката со невладиниот сектор, односно развивање на механизам за консултации, ќе го помогне процесот на избор и фокус што ќе се проверува, базирано од проценките на граѓанскиот сектор за ризични подрачја на легислативата. Препораките дадени од страна на граѓанскиот сектор ќе бидат инкорпорирани во измена на регулативата. |
| Дополнителни информации | Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој, врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.5: Значително намалување на сите форми на корупција и поткуп. Со мерките од оваа заложба се придонесува кон превенција и борба против корупцијата и заштитата на јавниот интерес. |

| **Достигнувања** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|
| **2.2.1. Воспоставен механизам за консултација при донесување на законите и приоретизирање на законите кои ќе бидат предмет на антикорупциска проверка на легислативата** | 09.2018 | 08.2020 |

| Информации за контакт | |
|---|---|
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | м-р Николина Тарчуговска - Милошевска<br>Адем Чучуљ |
| Функција и организациска единица | Секретаријат на ДКСК<br>Сектор за спречување на корупција и судир на интереси |
| Телефон и е-маил адреса | 02 3248-942<br>nikolina@dksk.org.mk, 02 3248- 934<br>a.cucul@dksk.org.mk, 02 3215-377 |

| | | |
|---|---|---|
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Миша Поповиќ, ИДСЦС, misha@idscs.org<br>М-р Снежана Камиловска Трповска, МЦМС<br>skt@mcms.mk<br>и други граѓански организации |

| 3. ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ | |
|---|---|
| **3.1 Отворен трезор** | |
| Почетен и краен датум на обврската: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за финансии** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | Во Македонија не постои јавно достапна база или Отворен трезор, каде што може тековно да се врши преглед и анализа на буџетските приходи и расходи на буџетските корисници. Непостоењето на ваква отворена база за тековното извршување на буџетот по буџетски корисник често предизвикува сомнеж на пошироката јавност за реалното трошење на буџетските средства од страна на буџетските корисници. Со овој проблем се јавува потребата од отворање на трезорот за пошироката јавност. |
| Главна цел | Јавно достапна база со податоци за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и буџетите на единиците на локалната самоуправа, кои би влегле во проектот во втора фаза заедно со здравствените установи. |
| Кус опис на заложбата | Заради зголемување на транспарентноста и поголемо приближување на информациите за трошењето на буџетот на РМ кон граѓаните и сите заинтересирани страни, а воедно и за искористување на податоците за аналитички, научни и истражувачки цели Министерството за финансии се одлучи на отворање на податоците кон јавноста и нивна поголема достапност. Со оваа заложба Министерството за финансии во соработка со Меѓународниот републикански институт[14] ќе го спроведе концептот на "Отворен трезор" односно "Отворени финансии" како дел од транспарентноста за трошењето на Буџетот на РМ.<br>Податоците што треба да се презентираат преку системот "Отворен трезор" ќе бидат извлечени од постојниот информативен систем за финансии со овозможување на размена на податоци на ниво на база на податоци помеѓу новото решение и постоечкиот државен информативен систем. Апликацијата ќе понуди:<br>- опција за пребарување на податоци по одреден временски интервал, период и по одреден датум и тоа по име / физичко или правно лице или буџетски корисник,<br>- податоците ќе се објавуваат во машински читлив формат согласно Законот за користење на податоци од јавниот сектор,<br>- организирање на податоците од трансакцијата/ исплатувач, примач, расходната единица, цел, група на обврзници (на пример, културни и високообразовни институции), група примачи (физички или правни лица) над или под одредена вредност итн.,<br>- пребарување на податоци по време на објавување, овозможувајќи му на корисникот да одреди временски опсег во пребарувањата, |

[14] моментално проектот е во фаза на потпишување на договор за реализација.

| | | | |
|---|---|---|---|
| | - однапред дефинирање на кориснички опции на пример, трансакциите само на правни лица, само на физички лица и слично, или трансакции над одредена сума на пари, расходи, итн.,<br>- опција да се оневозможи објавувањето на одредени трансакции или да се модифицираат пред објавување, како што се покривање на името и презимето со "Непознато лице (UP)" или исклучување на сите или некои од трансакциите на одредени буџетски корисници кои се сметаат и се класифицирани како доверливи. Таквите исклучувања може да се направат од Единствениот регистарски број (URN) според буџетска програма, тип на сметка, сметка на примачот и од расходните ставки,<br>- графички визуализации на пребаруваните податоци со автоматско ажурирање,<br>- во реализацијата е очекувано креирање на база со тековни податоци за извршувањето на Буџетот на Република Македонија во прва фаза и буџетите на единиците на локалната самоуправа во втора фаза.<br>Ова решение покрај тоа што ќе служи како алатка која овозможува категоризација на податоци од трансакциските бази на податоци, порталот ќе дозволи податоците да бидат поставени според спецификациите за трошење на буџетски корисник во различен формат и од други бази на податоци, при што агрегираните податоци ќе прикажуваат споредба на одобрениот буџет и буџетот извршен на корисничко ниво, во различен временски период, но секогаш ограничен со индивидуална фискална година (од 01.01.YY до 31.12.YY). Исто така ќе се генерираат разновидни компаративни прегледи, на пример, најголемите потрошувачи (на ниво на фискална година) или тошоците на одреден буџетски корисник или група корисници, по ставка, по период итн. | | |
| ОВП предизвик опфатен со обврската | - Зголемување на јавниот интегритет<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси | | |
| **Дополнителни информации** | Врска со Цел 17 ,,Партнерство за целите“ Таргет 17.1: Да се зголеми мобилизирањето (собирањето) на домашни ресурси, вклучително и преку меѓународна поддршка за земјите во развој за подобрување на домашниот капацитет за собирање на даноци и други приходи и цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на институциите во управувањето со јавните финансии преку поголема транспарентност и отчетност во управувањето со јавните пари. | | |
| **Достигнувања** | | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| **3.1.1 Анализа и креирање на база со тековни податоци за извршувањето на Буџетот на Република Македонија и нивно ажурирање на 15 дена** | | Во тек | 06.2019 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **3.1.2 Анализа и креирање на база со тековни податоци за извршувањето на буџетите на единиците на локалната самоуправа и нивно ажурирање на 15 дена** | | | 06.2019 | 06.2020 |
| **3.1.3 Подготовка и пуштање во употреба на веб апликација "Отворен трезор"** | | | 10.2018 | 06.2019 |
| Информации за контакт | | | | |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Бранко Димчевски - Сектор Трезор<br>Марија Китанска - Сектор информатика<br>Горан Мојаноски - сектор Финасиски ситем ( координатор на работна група во Министерство за финансии за ОВП) | | |
| Функција и организациска единица | | Сектор Трезор и Сектор информатика | | |
| Телефон и е-маил адреса | | branko.dimchevski@finance.gov.mk; 02 3255 586<br>marija.kitanska@finance.gov.mk; 02 3255 329<br>goran.mojanoski@finance.gov.mk 02 3255 538 | | |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | / | | |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Меѓународен Републикански институт<br>Адреса: 11 Октомври 8-2/3<br>Град: СКОПЈЕ<br>iri_mk@t-home.mk | | |

| | |
|---|---|
| **3.2 Можност за објавување на основните информации за јавните набавки на интернет-страниците на институциите (договорни органи во јавните набавки)** | |
| Почетен и краен датум на обврската: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за финансии** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со обврската | Основните податоци за јавните набавки што ги спроведуваат институциите во земјава, засега се достапни само на Електронскиот систем за јавни набавки (ЕСЈН) којшто е платформа намената за фактичко спроведување на набавките и на која главни учесници се државните институции (како договорни органи) и фирмите (како економски оператори). ЕСЈН, а со тоа и основните податоци за трошењето на парите на граѓаните преку јавни набавки, останува тешко достапни за поширокиот круг на граѓани и други заинтересирани страни, бидејќи и основната функција на ЕСЈН не е транспарентноста и информирањето на граѓаните, туку спроведувањето на тендерите.<br>На овој начин, граѓаните, за разлика од другите земји, немаат брз, едноставен, лесен и разбирлив увид во начинот на трошење на јавните пари. Во анкета спроведена од Центарот за граѓански комуникации во 2017 година, дури 94% од вкупно 400 испитаници од целата земја |

| | |
|---|---|
| | одговориле дека немаат доволно информации за начинот на кој институциите ги трошат јавните пари преку тендери. Доминантен дел од испитаниците (98%) одговорија дека информациите што сега имаат за овие трошења ги добиваат од веб-страниците на институциите и од медиумите. Оттука, неопходно е институциите да објавуваат повеќе информации за овие трошења на своите интернет-страници, како места на кои граѓаните најчесто ги бараат и очекуваат да ги добијат овие информации.<br>Брзата, лесна, едноставна и разбирлива достапност на овие информации за граѓаните, ќе ја овозможи отчетноста на институциите, ќе ја зголеми нивната одговорност во јавните трошења, а на граѓаните ќе им овозможи да разберат како и за што се трошат нивните пари и да влијаат за користење на јавните средства за нивните потреби. |
| Главна цел | Целта е граѓаните да имаат брз, лесен, едноставен и разбирлив пристап до информациите за начинот на којшто институциите ги трошат парите преку јавни набавки (околу 1 милијарда евра годишно) така што институциите ќе ги објавуваат овие информации на своите интернет-страници кои, пак, се првата точка на која граѓаните ѝ пристапуваат кога сакаат да се информираат за некоја конкретна институција. Ова ќе придонесе за поголема отчетност и одговорност на институциите при трошење на јавните пари, поголема информираност на граѓаните и поефикасно искористување на јавните средства. |
| Кус опис на заложбата | Бирото за јавни набавки да им препорача на сите договорни органи во земјата што спроведуваат јавни набавки во согласност со Законот за јавни набавки и коишто се регистрирани на Електронскиот систем за јавни набавки да ги објавуваат на своите интернет-страници (или ако немаат своја, на интернет-страницата на институцијата под чијашто надлежност работат) следниве, основни, податоци за јавните набавки (самостојно или како линк до веќе објавените документи на ЕСЈН) и тоа: годишен план за јавни набавки со измените и дополнувањата, огласите за јавни набавки, известувањата за склучен договор за јавни набавки, известувањата за реализиран договор за јавни набавки и склучените договори за јавни набавки.<br>Инаку, станува збор за веќе постојни документи коишто се објавуваат на ЕСЈН кој, пак, првенствено е портал за фактичко спроведување на јавните набавки, а чиишто корисници се самите договорни органи и фирмите, односно економските оператори. Со објавување на овие документи и на своите интернет-страници, се овозможува поширока транспарентност, а со тоа и отчетност и одговорност на институциите што трошат јавни пари и полесен увид во тоа трошење за оние чиишто пари ги трошат, односно граѓаните.<br>Оттука, заложбата предвидува едноставно објавување на овие документи на интернет-страниците на институциите како линк кој ќе води до веќе објавените документи на ЕСЈН, со што целата постапка на објавување ќе биде брза, кратка и едноставна и нема да бара поспецифични компјутерски вештини.<br>Достапност на 100% од основните податоци за јавните набавки на институциите на нивните интернет-страници (или на интернет-страниците на институциите под чијашто надлежност работат) од |

<table>
<tr><td colspan="2"></td><td colspan="3">01.01.2019 година натаму, што ќе придонесе за зголемување на интегритетот и поефикасно искористување на јавните добра.</td></tr>
<tr><td colspan="2">ОВП предизвик опфатен со обврската</td><td colspan="3">- Зголемување на јавниот интегритет<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси</td></tr>
<tr><td colspan="2">Дополнителни информации</td><td colspan="3">Врска со Цел 17 ,,Партнерство за целите“ Таргет 17.1: Да се зголеми мобилизирањето (собирањето) на домашни ресурси, вклучително и преку меѓународна поддршка за земјите во развој за подобрување на домашниот капацитет за собирање на даноци и други приходи и цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа.<br>Со оваа заложба се придонесува кон унапредување на транспарентноста и отчетноста на институциите во управувањето со јавните финансии преку поголема транспарентност и отчетност во управувањето со јавните пари.</td></tr>
<tr><th colspan="3">Достигнувања</th><th>Датум на започнување</th><th>Датум на завршување</th></tr>
<tr><td colspan="3">3.2.1 Зголемување на бројот на институции кои ја користат можноста за автоматско превземање на податоците од ЕСЈН со цел објавување на годишните планови за јавни набавки (и нивните измени и дополнувања), на огласите за јавни набавки, на известувањата за склучен договор и на склучените договори, на своите интернет-страници, континуирано, како што овие документи се објавуваат на ЕСЈН.</td><td>09.2018</td><td>Континуирано</td></tr>
<tr><td colspan="3">3.2.2 Зголемување на бројот на институции кои ја користат можноста за автоматско превземање на податоците од ЕСЈН со цел објавување на известувањето за реализиран договор на своите интернет-страници, континуирано, како што известувањето се објавува на ЕСЈН.</td><td>01.2019</td><td>Континуирано</td></tr>
<tr><td colspan="5">Информации за контакт</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td colspan="3">Александар Аргировски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција и организациска единица</td><td colspan="3">Државен Советник, Биро за јавни набавки</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон и е-маил адреса</td><td colspan="3">02 3255 – 692, aleksandara@bjn.gov.mk</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td colspan="3">Биро за јавни набавки Министерство за финансии<br>Договорните органи регистрирани на ЕСЈН</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td colspan="3">Центар за граѓански комуникации<br>Герман Филков, gfilkov@ccc.org.mk</td></tr>
</table>

| **3.3 Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на здравствените програми и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за здравство** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Воспоставување на континуитет во објавувањето на јавно достапни информации за трошење на средствата од буџетот на Министерството за здравство за реализација на поединечните превентивни и куративни програми за здравствена заштита.<br>Непостоење на механизам/методологија за мерење на влијанието врз граѓаните на трошоците направени преку спроведување на активностите предвидени со превентивните и куративните програми на Министерството за здравство. Па оттука, планирањето на идните активности и алокцијата на буџетските средства за истите не се базира на реалните потреби на граѓаните. |
| Главна цел | Министерството за здравство континуирано ќе ги објавува наративните-финансиски извештаи за реализација на поединечните превентивни и куративни програми за здравствена заштита.<br>Министерството за здравство ќе развие, усвои и пилотира механизам/методологија за мерење на влијанието врз граѓаните на трошоците направени од превентивната програма за здравствена заштита: „**Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија”.** |
| Кус опис на заложбата | Министерството за здравство во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) подготвија стандардизирана форма на годишни наративно-финансиски извештаи за секоја од превентивните и куративните буџетски програми за 2017 година и истите се објавени на веб страницата на министерството. Во текот на наредниот период ќе се продолжи со иницијативата за објавување на годишните извештаи за реализација на програмските активности за секоја од превентивните и куративните програми за здравствена заштита.<br>Воспоставениот формат на извештај ќе значи унифицирање на параметрите за наративно известување на ниво на институција, а во себе ќе содржи податоци за тоа што институцијата има направено и постигнато со трошоците направени во тековната година соодветно на целите, резултатите и активностите предвидени со програмата. Исто така ќе обезбеди финансиско известување и ќе содржи податоци за тоа колку средства се планирани и потрошени на ниво на активност и по извршител на буџетската програма. Овие извештаи институцијата ќе ги објави на своите интернет страници во текот на првата половина од тековната година за претходната година.<br>Министерството за здравство ќе селектира минимум една превентивна или куративна буџетска програма во соработка со Здружението за |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ), ќе се развијат механизими/методологии за мерење на влијанието на трошоците од истата врз крајните корисници. Вака развиениот механизам/методологија ќе се пилотира на идентификуваната пилот буџетска програма (спроведувањето на процесот на оценка и комуникацијата со крајните корисници ќе се спроведе во соработка Здружението ЕСЕ). За таа цел Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) ќе развие и спроведе еднодневна обука за презентирање на чекорите за оценување на влијанието на буџетските трошоци врз крајните корисници на јавните услуги. Дополнително, овој процес ќе овозможи идентификување на реалните потреби и приоритети на крајните корисници кои понатаму ќе помогнат на институцијата во процесот на планирање на идните активности. По завршувањето на периодот на пилотирање, институцијата ќе ги вклучи резултатите од спроведениот процес на оценување во планирање на буџетот и активностите за избраната пилот програмата за 2021 година. | | |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси | | |
| Дополнителни информации | Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа и Цел 3 „Добро здравје и благосостојба“ Таргет 3.8: Да се постигне универзална здравствена заштита вклучувајќи и заштита од финансиски ризик, пристап до квалитетни неопходни здравствени услуги и пристап до сигурни, ефективни и квалитетни како и пристапни основни лекови и вакцини за сите.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон транспарентност и отчетност на искористувањето на средствата и доставувањето на услугите наменети за превентивни и куративни здравствени програми. | | |
| **Достигнувања** | | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
| **3.3.1 Подготвен и јавно достапен наративен-финансиски извештај за програмско и буџетско известување за секоја од куративните и превентивните програми од буџетот на Министерството за здравство.** | | 09.2018 | 08.2020 |
| **3.3.2 Воведена методологија за мерење на влијанието на трошоците врз крајните корисници за превентивната буџетска програма: „Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА во Република Македонија”.**<br>-Подготвен Извештај со препораки за планирањето на програми за наредната буџетска година. | | 01.2019 | 12.2019 |
| Информации за контакт | | | |
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | М-р Билјана Бабушковска | | |

| | | |
|---|---|---|
| Функција и организациска единица | | Раководител на одделение за внатрешна ревизија |
| Телефон и е-маил адреса | | biljana.babushkovska@zdravstvo.gov.mk<br>контакт телефон: 02 3112 500 лок.114 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | / |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)<br>Драко Антиќ, dantik@esem.org.mk |

| | |
|---|---|
| **3.4 Унапредување на транспарентноста во спроведувањето на програмите за вработување и воспоставување на механизам за оценување на влијанието на трошоците од овие програми врз крајните корисници, преку вклучување на граѓаните** | |
| Почетен и краен датум на обврската: август 2018 – август 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Агенција за вработување на РМ** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Постои потреба од обезбедување на полесна јавна достапност на информации за трошењето на средствата од буџетот на Агенцијата за вработување на РМ за реализација на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.<br>Недоволен број на механизми/методологии за мерење на влијанието врз граѓаните на трошоците направени преку спроведување на активностите предвидени со Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот и зајакнување на Агенцијата за вработување на РМ. Оттука, планирањето на идните активности и алокацијата на буџетските средства за истите не се базираат во целост на реалните потреби на граѓаните. |
| Главна цел | Агенцијата за вработување на РМ ќе развие, усвои и континуирано објавува наративни -финансиски извештаи за реализацијата на активните програми и мерки од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот.<br>Оваа заложба ќе обезбеди унапредување на ефикасноста во користењето на јавните ресурси во делот на реализацијата на активните програми и мерки за вработување. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Кус опис на заложбата | Агенцијата за вработување на РМ во соработка со Здружението за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ) ќе подготват стандардизирана форма на годишни наративно- финансиски извештаи за секоја од активните мерки за вработување на Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот. Форматот на извештај ќе значи унифицирање на параметрите за наративно известување на ниво на институција, а во себе ќе содржи податоци за тоа што институцијата има направено и постигнато со трошоците направени во тековната година соодветно на целите, резултатите и активностите предвидени со програмата. Исто така ќе обезбеди финансиско известување и ќе содржи податоци за тоа колку средства се планирани и потрошени на ниво на активност и по извршител на буџетската програма. Овие извештаи институцијата ќе ги објавува на својата интернет страница во текот на вториот квартал од тековната година за претходната година.<br>Агенцијата за вработување на РМ ќе селектира минимум една активна мерка за вработување од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за која во периодот на имплементација на овој акциски план, во соработка ЕСЕ, ќе се развијат механизими/методологии за мерење на влијанието на трошоците од истата врз крајните корисници. Вака развиениот механизам/методологија ќе се пилотира на идентификуваната пилот буџетска програма/активна мерка за вработување (спроведувањето на процесот на оценка и комуникацијата со крајните корисници ќе се спроведе во соработка Здружението ЕСЕ). За таа цел ЕСЕ ќе развие и спроведе еднодневна обука за презентирање на чекорите за оценување на влијанието на буџетските трошоци врз крајните корисници на јавните услуги. Дополнително, овој процес ќе овозможи идентификување на реалните потреби и приоритети на крајните корисници кои понатаму ќе помогнат на институцијата во процесот на планирање на идните активности. По завршувањето на периодот на пилотирање, институцијата ќе ги вклучи резултатите од спроведениот процес на оценување во планирање на буџетот и активностите за пилот програмата/активната мерка за вработување за 2021 година, ќе ја усвојат развиената методологија и ќе ја аплицираат и на други активни програми и мерки за вработување. | | |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Поефикасно управување со јавните ресурси | | |
| Дополнителни информации | Врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“ Таргет 16.6: Да се развијат ефективни, отчетни и транспарентни институции на сите нивоа. Со мерките од оваа заложба се придонесува кон транспарентност и отчетност на реализацијата на активните програми и мерки за вработување. | | |
| **Достигнувања** | | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |

| | | |
|---|---|---|
| **3.4.1 Подготвен и јавно достапен наративен-финансиски извештај за програмско и буџетско известување за секоја од активните мерки за вработување од Оперативниот план за вработување на Агенцијата за вработување на РМ.** | 10.2018 | 08.2020 |
| **3.4.2 Воведена методологија за мерење на влијанието на трошоците врз крајните корисници за минимум една активна мерка за вработување од оперативниот план за вработување и подготвен Извештај со препораки за планирањето на програми/мерки за наредната буџетска година** | 01.2019 | 12.2019 |

| Информации за контакт | | |
|---|---|---|
| Име на одговорно лице во институцијата за спроведување | | Бојана Симоновиќ |
| Функција и организациска единица | | Соработник за односи со јавност во АВРМ |
| Телефон и е-маил адреса | | Bojana.Simonovic@avrm.gov.mk<br>контакт телефон:070 398 237 |
| Други вклучени субјекти | Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа | / |
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Здружение за еманципација, солидарност и еднаквост на жените (ЕСЕ)<br>Драко Антиќ, dantik@esem.org.mk |

# 4 ОТВОРЕНИ ПОДАТОЦИ

## 4.1 Каталогизација и отварање на податочни сетови во институциите

| Почетен и краен датум на обврската: септември 2018 – септември 2020 | |
|---|---|
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за информатичко општество и администрација** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Институциите немаат информации точно со кои податочни сетови од отворен карактер располагаат.<br>Различни институции имаат различен формат на истородни податочни сетови (пример финансиски податоци). При објавувањето на овие податоци од страна на институциите тешко е да се врши анализа на податоците поради различната структура на податочните сетови. |

| | |
|---|---|
| | Во моментот свесноста за отворените податоци, како и бенефитите кои тие ги носат, е на многу ниско ниво кај институциите, граѓаните, бизнис заедницата, невладиниот сектор, како и сите други чинители во процесот на отварање и реискористување на отворените податоци. Потребно е да се зголеми свесноста за отворените податоци кај сите чинители во процесот. |
| Главна цел | Каталогизација на податоците на минимум 10 институции. Публикување на каталозите со податочни сетови на порталот за отворени податоци. Објавување на минимум 2 податочни сетови од секоја институција за која е направен каталог на податочни сетови.<br>Изработка на предлог структура на податочниот сет во кој институциите би ги објавувале податоците.<br>Подобро разбирање на концептот на отворени податоци од страна на сите чинители во процесот, како и зголемување на нивната свесност за придобивките од отворените податоци. |
| Кус опис на заложбата | За да можат да се отворат податоците кај институциите како и да се приоритизира отварањето на податочните сетови, потребно е во секоја институција да се направи каталог на податочни сетови што ги поседува и кои имаат отворен карактер.<br>Анализа на 1-2 истородни податочни сетови од две или повеќе институции, разгледување на можностите за нивно унифицирање и доставување на предлог структура на податочниот сет во кој институциите би ги објавувале овие податоци.<br>Зголемување на свесноста на институциите, граѓаните, бизнис заедницата, невладиниот сектор, како и сите други чинители во процесот на отварање и реискористување на отворените податоци, како и придобивките кои граѓаните и малите и средни претпријатија можат да ги имаат од отворањето на податоците.<br>Поголема прегледност при приоритизацијата и отварањето на податочните сетови како и можност за анализа и компарација на истородни податочни сетови од различни институции како и поголема свесност за отворените податоци:<br>- Граѓаните бараат од институциите отворање на податоците<br>- Малите и средни претпријатија, и универзитетите креираат апликации со отворени податоци кои им користат на граѓаните. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Зголемување на јавниот интегритет |
| Дополнителни информации | Поврзано со активностите во Акцискиот план на Стратегијата на отворени податоци. Бара инволвираност и тесна соработка од страна на институциите чии податочни сетови ќе се класифицираат.<br>Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој , врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори. |

<table>
<tr><td colspan="3"></td><td colspan="3">Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот, употребата и следењето на трендовите во однос на информациите и податоците од јавен карактер.</td></tr>
<tr><th colspan="4">Достигнувања</th><th>Датум на започнување</th><th>Датум на завршување</th></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.1 Каталогизација и објавување на каталозите со податочни сетови на порталот за отворени од минимум 10 институции</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.2 Отварање на минимум 2 податочни сетови по институција, за институциите за кои е направена каталогизација на податочните сетови</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.3 Стандардизација на структурата на истородни податочни сетови врз основа на анализа на 1-2 истородни податочни сетови од различни институции</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.4 Предлог структура за објавување на податочен сет и објавување на стандардизирани податочени сет од институциите кои се дел од анализата.</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.5 Организирање на работилници и презентации со инволвираност на органи на државната управа, невладиниот сектор, универзитетите и малите и средни компании (минимум 5 работилници)</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="4">4.1.6 Организирање на хакатон</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="6">Информации за контакт</td></tr>
<tr><td colspan="3">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td colspan="3">Филип Маневски<br>Надица Јосифовски</td></tr>
<tr><td colspan="3">Функција и организациска единица</td><td colspan="3">Државен советник за информатички системи и технологии<br>Државен советник за информатички системи и технологии</td></tr>
<tr><td colspan="3">Телефон и е-маил адреса</td><td colspan="3">+389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878<br>Filip.manevski@mioa.gov.mk<br>Nadica.Josifovski@mioa.gov.mk</td></tr>
<tr><td>Други вклучени субјекти</td><td colspan="2">Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td colspan="3">Институциите чии податочни сетови ќе се каталогизираат</td></tr>
</table>

| | | |
|---|---|---|
| | Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации | Мартин Тодевски, ЦУП, martin.todevski@cup.org.mk<br>Миша Поповиќ, ИДСЦС, misha@idscs.org |

| **4.2 Регионални иницијативи за соработка на полето на отворени податоци** | |
|---|---|
| Почетен и краен датум на обврската: септември 2018 – септември 2020 | |
| Водечка институција за спроведување | **Министерство за информатичко општество и администрација** |
| Опис на заложбата | |
| Состојба или проблем што се опфаќа со заложбата | Порталите за отворени податоци во регионот (земјите од WB6) се различни. Не сите портали имаат имплементирано можност за внесување на мета-податоци за отворените податоци. Во различни земји, различен сет на мета-податоци се користат. |
| Главна цел | Изработка на предлог структура на стандарди за мета-податоци со барем една земја од регионот. |
| Кус опис на заложбата | Македонија веќе има развиено стандард за мета-податоци кој ќе биде имплементиран во новиот портал за отворени податоци. Овој стандард би бил појдовна точка за развој на стандарди на мета-податоци на регионално ниво. |
| ОВП предизвик опфатен со заложбата | - Подобрување на јавните услуги<br>- Зголемување на јавниот интегритет |
| Дополнителни информации | Бара инволвираност и тесна соработка од страна на институциите одговорни за отворени податоци во земјите од регионот.<br>Поврзаност со Глобалните цели за одржлив развој , врска со Цел 16 ,,Мир, правда и силни институции“, Таргет 16.10: Да се обезбеди пристап до информации и заштита на фундаменталните слободи, во согласност со националното законодавство и меѓународните договори.<br>Со мерките од оваа заложба се придонесува кон унапредување на пристапот, употребата и следењето на трендовите во однос на информациите и податоците од јавен карактер |

| **Достигнувања** | **Датум на започнување** | **Датум на завршување** |
|---|---|---|
| **4.2.1 Формирање на работна група за отворени податоци на регионално ниво** | 09.2018 | 09.2020 |
| **4.2.2 Анализа на македонските стандарди за мета-податоци од работната група** | 09.2018 | 09.2020 |

<table>
<tr><td colspan="3">4.2.3 Изработка на предлог стандарди за мета-податоци на регионално ниво</td><td>09.2018</td><td>09.2020</td></tr>
<tr><td colspan="5">Информации за контакт</td></tr>
<tr><td colspan="2">Име на одговорно лице во институцијата за спроведување</td><td colspan="3">Филип Маневски<br>Надица Јосифовски</td></tr>
<tr><td colspan="2">Функција и организациска единица</td><td colspan="3">Државен советник за инфотматички системи и технологии<br>Државен советник за инфотматички системи и технологии</td></tr>
<tr><td colspan="2">Телефон и е-маил адреса</td><td colspan="3">+389(0)2 320-0870<br>+389(0)2 320-0878<br>Filip.manevski@mioa.gov.mk<br>Nadica.Josifovski@mioa.gov.mk</td></tr>
<tr><td rowspan="2">Други вклучени субјекти</td><td>Органи на државна управа, самостојни органи на државна управа</td><td colspan="3">Институциите одговорни за отворени податоци од WB6</td></tr>
<tr><td>Невладин сектор, деловни субјекти, синдикати, стопански комори, здруженија и фондации</td><td colspan="3">Мартин Тодевски, ЦУП, martin.todevski@cup.org.mk<br>Миша Поповиќ, ИДСЦС, misha@idscs.org</td></tr>
</table>

<table>
<tr><td colspan="2">5 ТРАНСПАРЕНТНОСТ НА ЛОКАЛНО НИВО</td></tr>
<tr><td colspan="2">5.1 Воспоставување на нови алатки за подобрување на финансиската транспарентност и отчетност на ЕЛС и на социјалната инклузија</td></tr>
<tr><td colspan="2">Почетен и краен датум на заложбата: август 2018 – август 2020</td></tr>
<tr><td>Водечка институција за спроведување</td><td>Министерство за локална самоуправа</td></tr>
<tr><td colspan="2">Опис на заложбата</td></tr>
